13865

**pres-kliping · press-clipping**

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
21. X. 1970

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

## РАЗГОВОР НА ИЗЛОЖБА

# СИНТЕЗА НА ИСТРАЖУВАЊАТА

### — НИКОЛА МАРТИНОСКИ: РАСТЕВМЕ ЗАЕДНО — ПУБЛИКАТА И ЈАС...

Јубилејната изложба на Никола Мартиноски е негова дваесетта самостојна изложба досега. Вака гледано, Никола Мартиноски секоја втора година имал по една самостојна изложба, а во текот на сите години, од првата во Белград, во 1929 година, кога излагал на пролетната изложба на југословенските уметници, досега на заеднички изложби учествувал неброено пати во земјата и странство, со групата „Облик", Друштвото на ликовните уметници на Вардарска бановина (1930 и 1931 г.), Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Сојузот на ликовните уметници на Југославија и установите што организираат изложби. Неговото сликарство е прикажувано и на меѓународни ликовни салони.

За своето творештво Никола Мартиноски има добиено повеќе признанија. Првото, прва награда за дипломска работа ја доби во 1927 година на Академијата во Букурешт за студија, потоа награда на градот Скопје во 1953 и 1955, па Октомвриската награда на СРМ (1959), Сребрена плакета на Сојузот на ликовните уметници на Југославија (1964) и, истата година награда за животно дело „11 Октомври", во 1967 година ја добива наградата АВНОЈ, а 1968, наградата „Нерешки мајстори" на Есенската изложба на ДЛУМ.

Ни се чинеше неопходно да го направиме овој информативен осврт на дејноста на Никола Мартиноски, дотолку повеќе што тоа не го прави изложбата и не по вина на уметникот. Сметаме за потребно да пренесеме и дел од кажувањето на Димче Коцо, на отворањето на изложбата: „Целиот опус на неговото творештво се гледа во ликот на човекот пред сè на мајката со својата рожба, на современата македонска мадона, најдобро предадена преку смелите и горди циганки. Со молив или боја никој подобро од Мартиноски не ја предал мајката како симбол на плодноста, љубовта, грижата и стравот. Експресионист по инстинкт, испитувач по интенција, монументален по концепција, смел по пораката, упорен во настојувањата, истраен во амбициите, Мартиноски израсна во таква личност што само преку длабоки и темелни студии може правилно и целосно да се разбере. Предната карактеристика се однесува на периодот од преку четири децении".

Четири децении работа... како Никола Мартиноски гледа на тековите на неговото сликарство?

— По студиите во Букурешт, каде добив прва награда за студија, дојдов во Париз. Таму дојдов до заклучок дека современата уметност доаѓа од ослободувањето на уметникот од она што се вика школско. Мојот професор во Париз, Бисијер, сликар, ни објасни дека треба познанијата што ги имаме за уметноста и за нејзиното создавање да ги примениме во практиката таму каде што ќе дојдеме, секој во земјата од каде дошол во Париз, да ги бараме и наоѓаме нејзините посебности. Јас во 1929 година дојдов во Македонија каде нема ни трунка од сознанието за модерно сликарство. За воведување на модерното во Југославија ја добил Сребрената плакета од Сојузот на ликовните уметници на Југославија. Овде тогаш беше сликарството неуредено. Неколку наставници ги организирав во здружение и 1930 година направив изложба што народот ја прифати. Она што примив од Париз го пуштав во „сообраќај" подоцна, систематски и заедно растевме публиката и јас. До 1950 година на ликовен план беше една стагнација, но јас настојував да ги исполнам барањата на париските професори: толкување на овој крај, оваа средина. Во мојата работа доминираше уште еден момент: тоа што го правам да биде солидно направено, да не допуштам погодба меѓу чувствата кога станува збор за делото. Мене ме водеше уште еден момент — да извлечам извесни сознанија, да направам една синтеза од животот наш, локален. Резултат на тие настојувања се орото, тапаните во моите слики. Тоа се колористични елементи кои одговараат на нашиот живот, па нашиот ентериер, колористички богат во килимот, од 19 и 20 век. Јас верувам дека трудот не ми беше залуден.

Никола Мартиноски зборувајќи воопшто за македонското сликарство и воопшто за сликарството на Балканот, рече дека во него нема ништо балканско. „Западното сликарство има нешто западно, источното го има Исток, Полјаците ја имаат својата графика, азиската уметност ги има белезите на Азија, американското на Америка... ние на Балканот немаме ништо свое посебно, освен таа дамнешна ракотворба што е вистинска во нашиот живот. А младите уметници се надвор од тоа барање.

Сликарството на Никола Мартиноски го карактеризира една континуираност.

— Немав потреба од промени, вели. Имам своја определена цел, едно одредено движење нанапред, солидно. Кај мене нешто посебно е мојот цртеж кој доминира. Ја натерав таа линија да зборува толку многу, да се чувствува дека е жива, документарно жива.

Никола Мартиноски има направено многу слики на тема мајка и дете, портрет. Дали тие теми како теми не ограничуваат?

— А дали се чувствува ограниченост кај иконописците, во иконите. Има толку многу богородици. Важни се елементите како е градена сликата, важна е нејзината уметничка тежина.

**О. Спиркоска**